pres-kliping · press-clipping
1952 — 1972
NOVINSKA DOKUMENTACIJA
NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 608-1-1572-1
Isečak iz lista
Newspaper cutting НОВА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
-9. XI. 1972

ВТОР ДЕН ОД ПОСЕТАТА НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА РЕПУБЛИКАТА НА СР МАКЕДОНИЈА

# ТИТО: РАСТЕЖОТ НА СКОПЈЕ Е ИМПРЕСИВЕН

*Претседателот Тито вчера ги посети скопската Стакларница, Градското собрание и Музејот на современата уметност. — Денес другарот Тито е гостин на Тетово*



Пречекан од илјада работници на скопската стакларница претседателот Тито заедно со генералниот директор Спасе Черепналкоски и инженерот Благоја Додевски се упатува кон новоизградената фабрика за кристал и стакло за широка потрошувачка

Вториот ден од престојот на претседателот на СФР Југославија и претседател на Сојузот на комунистите на Југославија Јосип Броз Тито и неговата сопруга Јованка поминa во посета на работниот колектив на фабриката за стакло и стаклена волна, ка... и на Градското собрание и на Музејот за современа уметност на тврдината Кале.

Присуството на драгиот гостин во нашиот главен град, привлече десетици илјади граѓани на Скопје кои излегоа на улиците да му изразат голема благодарност и радост не само што се наоѓа во нивната средина, туку и за неговите напори нашата татковина Југославија и во иднина уште побрзо да ги решава проблемите и на тој начин да гради похумано и подемократско самоуправно општество.

Уште од раните утрински часови од осмолетката „Кочо Рацин" на Водњанска улица, по улицата „11 Октомври" и истоимената населба, каде што е лоцирана Фабриката за стакло и стаклена волна, граѓаните, особено најмладите со нетрпение очекуваа да го видат сакaниот Тито. Кога во 10 часот во отворениот автомобил заедно со сопругата Јованка, и во придружба на Драгољуб Ставрев и Стојче Стојчевски тргна кон скопската фабрика, низ улиците каде што минуваше колоната автомобили одекнуваа бурни аплаузи и извици „Тито — Тито". Како и завчера така и вчера скопјаните го опсипуваа автомобилот на претседателот Тито со свежо цвеќе. Таа слика се повторуваше се до влезот во фабричкиот двор.

Претседателот Тито со сопругата пристигна во Фабриката за стакло нешто по 10 часот. Заедно со него беа и другарите Никола Минчев, Ангел Чемерски, со сопругите, д-р Ксенте Богоев, генерал — полковникот Васко Караангелески, Љупчо Арнаудовски како и гостите што го придружуваат другарот Тито од Белград, другарите Митја Рибичич, Фадиљ Хоџа и Марко Орландиќ.

По посетата на Фабриката за стакло, нешто по 11 часот, високиот гостин се упати кон новоизградениот кеј на Вардар. Долж улиците, на плоштадот што го носи неговото име и на обете страни од кејот, од илјадници грла одекнуваа извици за Тито.

Претседателот Тито со внимание ги сослуша информациите што му ги даде претседателот на Градското собрание Драгољуб Ставрев за текот на регулацијата на реката Вардар, за значењето на овој потфат за обезбедување на градот од поплави. Другарот Тито појави интерес да го види и новоизградениот мост „Гоце Делчев". Тој рече дека овој објект е навистина убав и модерен од кејот другарот Тито, по Илинденска улица, замина во посета на Градското собрание каде што беше запознаен со резултатите од досегашната обнова на Скопје.

Синоќа нешто пред 19 часот претседателот Тито со сопругата Јованка направи кратка посета на Музејот за современа уметност, а потоа со својата сопруга и гостите што го придружуваат беше на вечерата што ја приреди претседателот на Собранието на Скопје Драгољуб Ставрев во хотелот „Континентал". На вечерата присуствуваа и другарите ...зар Колишевски и Кр... Црвенковски.

Денешниот ден Претседателот на Републиката го помине во посета ... Тетово.



Претседателот Тито при обиколката на градот посебен интерес појави за кејот на Вардар. Одејќи пеш од Камениот мост до зградата на ЦК СКМ тој беше воодушевен од она што е досега постигнато